# FOREVER

MACEDONIA

Јуни 2015 | Број 164











Драги соработници и Сопственици на Форевер бизнис, ова мое претставување за прв пат во животот го чувствувам и сакам да ви го претставам како обраќање кон вас, а не само како резиме на мојот досегашен ангажман и работа. Бидејќи за прв пат во животот можам да кажам дека конечно почувствував во вистинска смисла на зборот, што значи да ви е исполнета душата со задоволство од постигнатиот успех. И тоа успех признаен и поздравен со насмеани лица на соработниците, на колегите од тимот со кој работам, од спонзорите кои и на оваа скала на која се наоѓам, и понатаму ми пружаат рака и ме охрабруваат да одам уште понапред, по нови, повисоки скалила. По нови висини и летови, токму како што асоцира и соодветствува признанието што годинава го добив: Менаџер ОРЕЛ. И тоа само по 6 години работа.

"Честитки за првиот Менаџер ОРЕЛ од Форевер Ливинг Продактс Македонија, која успешно ја заврши мотивационата програма и освои наградно патување во Канкун, Мексико".

Ова беше забележано во минатиот број на месечното списание на Форевер Ливинг Продактс. Би било нескромно да не кажам колку ми е драго и ме чини горда и исполнета.




Затоа си реков, ова е можност да им се обратам за да им се заблагодарам на сите кои ме поддржуваа, ми помагаа и ме поттикнуваа изминатите години. Уште повеќе, на сите оние, бројните ангажирани соработници кои се на чекор, два или три до мене, да им кажам: ЧЕКОРЕТЕ! Се исплати, бидејќи се СТИГНУВА. Се стигнува до посакуваниот успех.




Не е филозофија, ниту стилизирана теорија. Апсолутна вистина е дека тимската работа на Форевер Ливинг е местото во кое соништата се остваруваат. Се разбира со работа, со труд, поддршка од семејството, со многу ангажирања и многу откажувања... Но, зар сето тоа го немаме и на работните места на кои сепак и покрај сè, со децении остануваме апатично во место и без соодветна финансиска надокнада. Разликата е очигледна, зар не? Во овој круг, ефектот од севкупната работа се задоволството, позитивниот амбиент, креативната енергија и – солидна заработувачка.

Затоа, да го следиме ОРЕЛОТ. Да ги рашириме крилјата и да се стремиме кон височините. Посакувам што поскоро да бидеме јато од Македонија.

**Прим.Др. Роза Гелевска**
**Менаџер "Орел"**

# Ви благодарам за фантастичното Глобално рели во Сингапур.

Ви благодарам за фантастичното Глобално рели во Сингапур. Им благодарам на сопствениците на Форевер бизнис и на безбројните екипи, благодарение на кои овој настан се одржа. Сите до еден направија многу жртви, работеа прекувремено и направија сè што можеа, за да го завршат потребното.

Ова Глобално рели беше најдобро во нашата историја, со возбудливи награди, повеќе чекови во програмата Chairman's Bonus од било кога и претставување на новата гама производи Форевер етерични масла, како и прекрасните нови дополнувања во серијата flawless by Sonya™!

Уште сега направете план и поставете си цел да се квалификувате за учество на Глобалното рели 2016 во Јоханесбург. Бидете сигурни дека тоа ќе биде настан што не треба да се пропушти!

Засекогаш Ваш,

Rex Maughan



# A-Beta-CarE-
# силата на антиоксидантите

Витаминот А е неопходен за нормален вид, растот на коските и телото, и делбата на клетките. Тој придонесува за здравјето на епителните ткива кои ги покриваат очите, кожата, респираторниот и уринарниот тракт, дигестивниот систем, а исто така помага и за регулирање на имуниот систем. Токму затоа го нарековме додатокот на исхрана на Форевер- A-Beta-CarE. Оваа уникатна комбинација на витамин А (100% бета каротин) со витамин Е и селен е вашето антиоксидантно решение за одржување на здрави очи, кожа и коски. Бета каротинот, познат уште како провитамин А, претставува растителен производ кој организмот го претвора во нетоксична форма на витамин А. И бидејќи овој процес на конверзија се врши во телото, потребите од витамин А можат целосно да бидат задоволени од бета каротинот. Според Националниот институт за здравје на САД, од постојните 563 каротеноиди, бета каротинот најефективно се претвора во витамин А. Тоа е од голема корист за организмот и мноштвото системи во него, кои се потпираат на здрав и нетоксичен извор на витамин А. Овој антиоксидантен витамин сѐ повеќе се користи за заштита од последиците од оксидативниот стрес и е особено корисен за имунитетот на возрасните луѓе. Каротеноидите во бета каротинот се витални фито хемикалии, чии антиоксидантни и имуностимулирачки својства се проучуваат интензивно. Се смета дека витаминот Е придонесува за заштитата на клеточните мембрани од штетното влијание на слободните радикали и исто така го поддржува имуниот систем. Витаминот Е ја штити и кожата и слузокожата со своите корисни хранливи состојки. Бидејќи овој витамин се раствора во масти, тој ја подобрува апсорпцијата на витаминот А во организмот. Селенот е минерален микроелемент, кој го има во растителна храна, одгледана во почви богати со селен. Тој е антиоксидант и го намалува влијанието на слободните радикали кои ги оштетуваат здравите клетки во телото. Бидејќи е тешко да следите дали храната која ја внесувате содржи доволно селен, неговото внесување преку додатоци во исхраната ќе ви помогне дополнително да го заштитите телото. Според Националниот институт за здравје на САД, селенот е антиоксидант кој може да придонесе за заштита на организмот, преку подобрување на активноста на имуните клетки. Овој микроелемент има благотворно дејство и врз простатата и артериите. Формулата на Forever A-Beta-CarE (код 054) е специјално создадена за да ви помогне да ги поддржите видот, растот на коските, кожата и слузокожата, респираторниот, уринарниот и дигестивниот тракт. Бидејќи бета каротинот е ефективен нетоксичен антиоксидант, можете да сте спокојни дека организмот ги добива хранливите материи кои му се потребни во безопасна форма. Послушајте ги советите на експертите за исхрана и обезбедете го телото со Forever A-Beta-CarE.








# Познавај го добро своето оружје



Здраво драги СОПСТВЕНИЦИ НА ФОРЕВЕР БИЗНИС,

Овој месец, на почетокот на нашето обраќање кон вас, сакаме да ви раскажеме една, на прв поглед забавна историја.

„Воин од блиската иднина,вооружен со последен збор на техниката, се вратил во минатото со временската машина со каква располагале сите војници во неговата епоха. Паднал во камено доба, исправен лице в лице со маж од она време, облечен во кожи и вооружен со жезло од дрво и камен. Откако праисторискиот човек го надминал огромното чудење од појавата на странецот, двајцата започнале да разговараат:

– Што е тоа? – прашал воинот од иднината, посочувајќи на жезлото на прачовекот.

– Ова? Моето одлично оружје! – одговорил тој гордо.

– Зошто мислиш дека е одлично?

– Бидејќи со него можам да убивам по еден тигар на ден и така да го бранам семејството и да му набавам кожи за облекување.

– Тоа не е ништо – одговорил воинот. – Јас ќе ти го подарам моето оружје со кое ќе можеш да убиваш по 30 тигри само за неколку мигови – и му го подал својот автомат, изработен според последните воени технологии.

Неколку дена подоцна, воинот од иднината одново се вратил во каменото доба, за да провери како стојат работите со пријателот. На негово големо изненадување, прачовекот го пресекал, го фатил автоматот како што бил навикнат да го држи жезлото и го нападнал налутено:

– Зошто ме излажа? Не можев да убијам повеќе од еден тигар во еден ден, удирајќи го со твоето многу фалено оружје!Го претпочитам моето жезло!“

Зошто ви ја раскажуваме оваа навидум забавна историја? Се разбира, поради поуката од неа. А таа е: ПОЗНАВАЈ ГО ДОБРО СВОЕТО ОРУЖЈЕ, ЗА ДА ТИ СЛУЖИ НАЈДОБРО ШТО МОЖЕ И ДА ГО ИСКОРИСТИШ ЦЕЛОСНО НЕГОВИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ.

А кое е нашето основно оружје за градење на сопствен бизнис со Форевер? Сè што треба да знаеме и да користиме при спонзорирање на нови луѓе во нашиот тим. Сето тоа што им го зборуваме и покажуваме на кандидатите и нашата ВЕШТИНА да го правиме најдобро што можеме, без да пропуштиме ниту еден чекор.

Знаете дека како што за палењето на оган се потребни кислород, топлина и гориво, така и за спонзорирањето на нов член во нашата мрежата потребно е тој да сака да си го промени животот, да има ентузијазам, да располага со потребната информација и да ги извршува потребните активности.

Со задоволство сакаме да ве запознаеме со клучните елементи на вашето „најново оружје“ за спонзорирање.

1. Филмот „Одлука за промена“, кој секого ќе го испровоцира да се замисли за промена во животот.

2. Новата, современа презентација на можностите за бизнис со Форевер.

3. Филмот „Почеток“ ќе им помогне на тукушто вклучените да се почувствуваат горди на донесената одлука, и покрај стравувањата и предрасудите кои можеби ги доживуваат.

4. Со помош на прирачникот „Први чекори кон ниво Менаџер“ вие како спонзор заедно со новиот член на вашиот тим ќе можете да планирате сè што тој ќе прави во првите 90 дена од градењето на сопствен Форевер бизнис.

5. Филмот-презентација „Маркетинг план“ ќе го запознае новиот сопственик на Форевер бизнис со основите на компензациониот план на компанијата.

Синергичната, правилна и бескомпромисна употреба на секој од петте елементи во секојдневната работа ќе го претворат вашето „оружје“ во современ и високо ефективен инструмент. Запознајте сè со тие пет основни чекори за работа со вашите кандидати и усовршете ги вештините за да ги користите. Гарантирано ќе имате одлични резултати!

Се разбира дека ќе можете и да продолжите да „удирате“ со „жезлото“. Но во тој случај не се чудете ако други брзо напредуваат, а вашиот бизнис стагнира.

ИЗБОРОТ Е ВАШ! Дали да станете современ сопственик на Форевер бизнис и да спонзорирате десетици нови партнери секој месец или да останете „прадистрибутер“ ;)))

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

FOREVER

**Стефан и Тања Стаеви**

# Лето и бизнис



Летните денови будат нов пазар. Токму сега луѓето се подготвуваат за одмор покрај брегот или на планина, и моментот е особено погоден да им напомeнеме за одличните сезонски производи на Форевер. Според истражувањата, пазарот на производи за здравје и убавина е задоволувачки и во тешките економски периоди. Потрошувачите ја сфаќаат современата нега на кожата како неопходност и сè повеќе инвестираат во висококвалитетни производи за одржување на младешки изглед.

Се очекува пазарот да продолжи да расте и во следните години, а богатата гама производи на Форевер несомнено ќе биде дел од оваа тенденција. Не пропуштајте и вие да ја искористите!

## Летна поддршка на здравјето

Негата на телото, како внатрешно, така и надворешно, е важна во тек на целата година. Сепак во тек на летните месеци потрошувачите секогаш најмногу се фокусираат на производите за нега на кожата и го занемаруваат фактот дека здравиот надворешен изглед е резултат и на тоа што го консумираат.

Гамата на производи на Форевер е фокусирана на потребите на потрошувачите и удобно го дополнува начинот на исхрана. Алоето има толку сестрана примена и може да се користи како внатрешно, така и надворешно.

Пијалоците од алое вера се стабилна основа за добро здравје и нудат удобен начин за доставување на клучни нутриенти во организмот. Ви препорачуваме **Forever Aloe Vera Gel** (код: 015), **Aloe Berry Nectar** (код: 034), **Forever Daily** (код: 439),**Forever Bee Pollen** (код: 026) и **A-Beta-CarE** (код: 054), бидејќи се одлични за летната сезона.












# Сонцето и кожата



Кожата е најголемиот орган во телото и има потреба од многу нега, особено во тек на летото. Во овој период потрошувачите активно бараат популарни производи како козметика за заштита од сонце и ексфолианти. Несомнено најдобро се продаваат производите за заштита од сонце. Одлични се и двата производи на Форевер -лосионот и спрејот со алое вера. Тие се погодни и за возрасни и за деца, со заштитен фактор 30. **Forever Aloe Sunscreen** (код: 199) **Aloe Sunscreen Spray** (код: 319) на ФЛП не само што ве штитат од ултравиолетовите зраци и ветерот, воедно и ја потхрануваат и омекнуваат кожата. Нивната водоотпорна формула издржува долг престој во морето или базенот, а кремот може да ви послужи и како хидратант по престојот на плажата. Алоето е познато по ефективното смирувачко дејство кај лесни изгореници и кожа истоштена од долга изложеност на сонце.



Во лето често заборавваме дека нашите усни исто така горат при продолжена изложеност на сонце. Балсамот **Forever Sun Lips** (код: 462) е задолжителен за смирување, овлажнување и регенерација на суви или испукани усни.

За свежа и убава кожа препорачуваме **Forever Aloe Scrub** (код: 238) чии нежни микросфери од јојоба внимателно ги отстрануваат мртвите клетки од површината на телото и лицето.

Независно дали одлучиле да уживаат во сонцето покрај морскиот брег, или во свежината на планините, сите родители и деца, туристи и патници, нема да заборават да понесат производи за заштита од сонце. Не го пропуштајте моментот да им ги предложите производите на Форевер!















# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАЈ 2015 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Бојоска Јасмина – Гостивар
2. Брдароска Јана – Скопје
3. Витанска Ивана – Кичево
4. Дабизљевиќ Барбара – Куманово
5. Демири Флорим – Гостивар
6. Додевска Даниела – Куманово
7. Илиевска Евгенија – Гостивар
8. Иванова Јанкова Розалија – Штип
9. Ивановски Билјана и Иван – Скопје
10. Крстевска Славица – Куманово
11. Наумова Анета - Скопје
12. Неделкова Валентина – Скопје
13. Пренџов Горан – Велес
14. Пренџова Јорданка – Велес
15. Ристова Славица – Штип
16. Ристовска Викторија – Куманово
17. Стојановски Свето – Крива Паланка
18. Тодоров Димитар – Кочани
19. Тодорова Марија – Кочани
20. Трендова Соколова Јасмина – Струмица

## ТОП **10**

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Катерина Трајчевска
5. Славица Донакова
6. Др.Снежана Контра
7. Вера Златковска
8. Младен Димовски
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Зорка Малинова

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Катерина Трајчевска
3. Дончо Ѓорѓиев
4. Вера Златковска
5. Славица Донакова
6. Младен Димовски
7. Др.Снежана Контра
8. Слафко Михајловски
9. Зорка Малинова
10. Славица Митевска

## SUCCESS DAY

**13.06.2015- сабота**

**Хотел Порта, Скопје**

**почеток-17 часот**

Ве очекуваме!

## *Квалификувани за промоцијата* **Изградете успешен бизнис**

**Второ ниво – таблет**



**389000056989 Дончо Ѓорѓиев**

**360000168810 Славица и Зоран Митевски**

**Трето ниво – лаптоп**



**389000055013**
**Др.Роза Гелевска**

*Честитки за квалификуваните!*

*Сите сопственици на Форевер бизнис имате уште една актуелна промоција **Летен предизвик** која ќе трае од **1 јуни до 31 август**. Повеќе детали за истата ќе најдете на веб страницата или на фејсбук профилот на Форевер Ливинг Продактс Македонија. Ви посакуваме успешно лето!*

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.